# ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ПО СОЦИЈАЛНА ПСИХИЈАТРИЈА

| | |
|---|---|
| **Област на супспецијализација** | **Социјална психијатрија** |
| **Звање кое се добива по завршување на супспецијализацијата** | **Супспецијалист по социјална психијатрија** |
| **Времетраење на супспецијализацијата** | **2 години (24 месеци)** |

## ЦЕЛИ

Програмата за супспецијализација е конципирана да овозможи теоретска и практична компететност на кандидатите од сите сегменти на оваа област запознавајќи ги со:
-историјата и развојот на оваа гранка на психијатријата, современите трендови на реформи и деинституционализација во психијатријата,
-интеракциите на психијатријата со општеството,
-стручно-организациските модели,
-општествените феномени и индивидуалната патологија
-местото и улогата на психијатријата во нивната превснција,
-културниот плурализам, социјалните параметри на психијатриските растројства,
-социјално психијатрискиот пристап на дијагностика, терапија и рехабилитација на психијатриските растројства.

Во текот на супспецијализацијата ќе се стекнат знаења од:

-научните методи за истражување и имплементација на терапевтските методи од областа на социјална психијатрија. кандидатите ќе сс запознаат со интеракција на наследните фактори и околината во развојот на концеитот на социјална психијатрија

-особено ќе бидат запознаени со новите социотерапевтски пристапи во третманот на менталните заболувања во теоретски и практичен смисол

-ке овозможи  разоткровање на новите начини на социотераписки пристап на менталните заболувања како и нивните ефекти на оништеството во целина

## ВРЕМЕНСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Супспецијализацијата ќе се изведува во следните институции со останување во истите спрема наведениот временски распоред:

1. Клиника за исихијатрија - 4 месеци
2. Психијатриска болница Скоије- 8 месеци
3. Завод за ментално здравје на деца и млади- 2 месеци
4. Специјален завод -Демир Капија-1 месец
5. Меѓуопштински центар за социјална работа -Скопје- 3 месеци
6. Изработка на семинарски трудови за интеграција на теоретски и иректични искуства- Клиника за нсихијатрија- 6 месеци

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДВИДЕНИТЕ АКТИВНОСТИТЕ

1.На Клиниката за психи јатрија во текот на 4 месечниот престој

кандидатот активно ќе учествува во работата на Дневната болница и ќе биде должен да:

-учествува во секојдневната тимска работа самостојно да снроведе социотераписки третман (менторство) за 5 иациенти (да направи индивидуален план за лекување на пациентите иратејќи ги индивидуалните потреби и спсцифики на секој од пациентите, да го следи процесот на реализација и да води секојдневни протоколи за напредување на ироцесот за рехабилитација и ресоцијализација),

-самостојно да води 8 психоедукативни сеанси за пациентите котераписко учество во 4 психоедукативни сеанси за семејствата на пациентите

-на крајот од 4 месечниот престој на Клиниката за исихијатрија кандидатот подготвува семинарска работа за методолошките модели на современиот социотераписки третман во социј ал н ата психиј атрија.

2.Во Психијатриската Болница "Скопје" -Скопје

* кандидатот првите 2 месеци ќе ги помине на "Одделот за социјална рехабалитација" во кој период ќе биде должен да:

-учествува во секојдневната тимска работа

-самостојно да спроведе програма за вклучување на 2 пациента во процесот на почетната ресоцијализација и приирема за интеграција во заедницата (да направи индивидуален илан за 2 пациенти од одделот кои се во процес на

-деинституционализација воспоставувајќи контакт со нивните семејства во соработка со социјалниот работник од одделот)

• Кандидатот 6 месеци од субспецијализацијата во Психијатриската болница "Скопје" ќе ги помине во центрите за ментално здравје и тоа ио следниот распоред:

-Центар за ментално здравје " Пролет" (3 месеци)

Првите 1.6 месец ќе ги помине во Заштитниот дом каде ќе: учествува во секојдневната тимска работа да изведе 4 психоедукативни нредавања за правата на пациентите
да учествува во нрограмата за тренинг за работна и социјална рехабилитација
да реализира 4 присуства на активностите на социјалниот клуб

Следните 1,6 месец ќе ги помине во Дневниот центар каде ќе: учествува во секојдневната тимска работа самостојно да спроведе социотераписки третман (менторство) за 2 иациенти (да направи индивидуален план за лекување на пациентите пратејќи ги индивидуалните потреби и специфики на секој од иациентите, да го следи ироцесот на реализација и да води секојдневни иротоколи за напредување на нроцесотза рехабилитација и ресоцијализација),

-самостојно да води 4 психоедукативни сеанси за пациентите за подобрување на социјалното функционирање и интеграција во заедницата

-котераписко учество во 4 тренинга за работна рехабилитација

-Центар за ментално здравје "Центар" (1,5 месец) учествува во секојдневната тимска работа самостојно да спроведе социотераписки третман (менторство) за 2 пациенти (да наирави индивидуален илан за лекување на пациентите пратејќи ги индивидуалните потреби и специфики на секој од пациентите, да

го следи ироцесот на реализација и да води секојдневни протоколи за напредување на процесот за рехабилитација и ресоцијализација),

-самостојно да води 4 психоедукативни сеанси за пациентите за подобрување на социјалното функционирање и интеграција во заедницата

-Центир за ментално здравје "Влае" (1,5 месец)

-учествува во секојднсвната тимска работа самостојно да спроведе социотераписки третман (менторство) за 2 пациенти (да нанрави индивидуален план за лекување на пациентите иратејќи ги индивидуалните потреби и специфики на секој од пациентите, да го следи нроцесот на реализација и да води секојдневни протоколи за напредување на ироцесот за рехабилитација и ресоцијализација),

-самостојно да води 4 психоедукативни сеанси за пациентите за подобрување на социјалното функционирање и интеграција во заедницата

-котераписко учество во 4 тренинга за работна рехабилитација

3. Завод за ментално здравје на деца и млади "Скопје" 2 месеци

Во текот на 2 месечниот престој во оваа институција кандидатот ќе престојува на Полустационарниот одел за лекување на ментални растројства кај деца и млади и ќе биде должен да:
-учествува во секојдневната тимска работа
-самостојно да спроведе индивидуално водење на 2 пациента со акцент на социопсихотерапискиот пристаи
-учество на 4 групни активности на p1ay теранија
-учество на 4 сеанси на семејна терапија каако котерапевт

4. Специјален завод-Демир Капија- 1 месец

Во текот на престојот во оваа инетитуција кандидатот ќе биде должен да: учествува во секојдневните трени359нзи за вештини за подобрување на социјалното функционирање учество во тренинг за работна рехабилитација

5. Меѓуопштински центар за социјална работа -Скопје- 3 месеци

Во текот на првиот месец кандидатот ќе учествува во тимската работа на одделот за непосредна социјална заштита во текот на вториот месец кандидатот во одделот за етарателетво активно ќе учествува во тимската работа на 1 случај за одземање на деловна способност и поставување на старател

Во текот на третиот месец од ирестојот ќе учествува во активностите на советувалиштетот за брак и семејство

Во текот на последните 6 месеци од субспецијализацијата кандидатот ќе направи интеграција на своите искуства од дотогашната едукација и тренинг со правење на 2 семинарски труда од долу наведените области:

1.Заштита и унаиредување на менталното здравје основа за социјално-психијатриски мисли и пракса.

Историјат и развој на социјално-психијатриска мисла. Современи стратегии во заштита на мнеталното здравје. Нужност за реформите во психијатријата и улогата на социјалната исихијатрија во тие реформи.. Психијатрија и оиштеството (онштетсвени подсистеми, оиштествени институции). Социјална психијатрија и ментална хигиена.

2. Стручно методолошки модели на социјалната психијатрија

Психијатријата во оиштетствен контекст и интеракција психијатрија-општеството. Методолошки нринципи на интеграција на стручни и општествени програми во заштита и унанредување на менталното здравје.

Модели на деинституционализација преку формирање на Центри за ментално здравје. Современи нринципи на мултидисциплинарност и тимска работа во социјалната психијатрија. Методолошки принципи на истражувачка работа. Методологија на стручна работа во реформирана психијатриска заштита (превенција, лекување, рехабилитација). Методологија на современа едукација во подрачјето на социјална психијатрија. Мстодолошки основи на програмирање, планирање. иратење и евалуација.

3. Стручно-организациски модели на социјална психијатрија

Примарна здравствена заштита како како основа на системот на заштита и унапредување на менталното здравје (Центри за ментално здравје во ПЗЗ)

Секундарно ниво на здравствена заштита и реформисана психијатриска служба (нсихијатриски одделенија во општи болници и нивни диспанзери, психијатриски болници и нивни вонболнички служби).

Терцијално ниво (врвни психијатриски установи од универзитетски ранг) и нивната улога во реформираниот систем на психијатриска заштита.

Психијатриски служби во други медицински и немедицински (општествени) сектори и нивно стручно организациско моделирање.

4.0пштествени феномени и индивидуална патологија

Психологија, нсиходинамика и психопатологија на општетсвените подсистеми, формални групи и институции. Сооциодинамика и сооциопатологија на институционалните аранжмани во современите општетсва.

Општествени феномени (нојави) и нивни (поединечни) појавни облици. Граници и можности на социјалната психијатрија во превенција на општествено патолошки нојави-ниво на социјална патологија. Социјално-психијатриски ириступ (индивидуални) на нојавените облици на социјална патологија.

Улога и место на психијатријата во превенција на социјално патолошки појави. Принцигш на поврзување, координација и интеграција на психијатриски и ментално-хигиенски програми со програми и активности на немедицински (општествени) сектори.

Социјална психијатрија и нејзините врски со оиштетсвени, културни, јавни, медиски. општественополитички асоцијации и служби (знажајно за превенција и рехабилитација).

5. 0пштетсвено медико-легални, форензички, нрофесионални и етички прашања на социјална психијатрија.

Психијатрија и културни плурализам (право на различитост, право на приватност, аутономност, суверенитет, слобода, самосвест и самоодговорност).

Принципи на осовременување, традиционално медицински начела во превенција, лекување и рехабилитација. Институција на задолжително и

присилно лскување во светлото на современи стручни, оиштетсвени и етички принциии. Легални и форензички рамки на психијатриската работа-законодавни и административни прашања и проблеми. Психијатриеки и човекови права.

6. Социјални одредувања на исихијатриските растројства-принципи на дијагностика, терапија и рехабилитација.

Психијатриските растројства и нивниот поширок и потесен општествен контекст. Општествените чинители како етиопатогенетски, фаворизирачки, патопластички, преципитирачки фактори на психијатриските растројства. Психијатриското растројство и животниот пат на нациентите.

Социјално психијатриски нристап на дијагностика, терапија и рехабилитација на психијатриските растројства

а. Невротски, со стрес поврзани и соматиформни растројства;

б. Подрачја на нсихози

ц. Подрачје на биолошка психијатрија

7. Социјално патолошки појави

-алкохолизам(современи принциии на истражувачкиа и стручна работа, принципи на превенција, лечење и рехабилитација во заедницата) - злоупотреба и зависност од дрога и други психиактивни супстанци(принципи на современа истражувачка и стручна работа, едукација и реедукација, социјална реинтеграција)

-други, патолошки облици на социјална дисфункционалност- нивна превенција, давање нсихијатриска номош и улога во социјална реинтеграција и рехабилитација

8. Општествени иотсистеми, популациони групи, нивната психоодинамика, социодинамика и патологија

Психологија и психопатологија на брак и семејство. Детето и семејната патологија. училиштето и индивидуална патологија на уженикот, специфични психички растројства на училишните деца и младина.

Психопатологија на на адолесцентниот период. Психопатологија на социјалната изолација, осаменост.

Психопатологија и психопатологија на маргинални и онштествени групи (невработени, пензионери).

Психологија и психопатологија во т.н. тотални институции ( војни колективи, затвори, традиционални психијатриски болници).

## НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ

Реализацијата на предвидениот план и сите активности се потврдува од страна на овластени лица во установите каде кандидатот ги реализира истите.

Изработката на 3-те предвидени семинарски трудови е под супервизија на менторот, а нивната одбрана се спроведува пред комисија формирана од катедрата за психијатрија.

На крај се полага завршен испит пред трочлена комисија од катедрата за психијатрија.